Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 14-568/5
04.04.2022 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-568/5
04.04. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 43 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 22.03.2022 година | **Време** | 09.30 – 12.00 часот |
| **Бр. на седница** | 43-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сања Фрковиќ Гелевска (Канцеларија на ЕУ делегација во Скопје), Милан Николовски (независен експерт), Игор Бимбиловски (Канцеларијата на Премиерот) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 25.02.2022 година ;
2. Подготовка на Студијата за изводливост за изградба на Националната транспортна оптичка мрежа, согласно НОБП ;
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 43-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 42-та седница, одржана на 25.02.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Буковалов, отвори дискусија по однос на подготовката на Студијата за изводливост за изградба на Националната транспортна оптичка мрежа, согласно НОБП.

Игор Бимбиловски, како претставник од Канцеларијата на Претседателот на Владата истакна дека Владата генерално ги подржува иницијативите околу развојот на бродбенд мрежите и дека неговото присуство на овој состанок е токму тоа, односно да се разменат идеи и мислења околу нивниот понатамошен развој. Тоа дотолку повеќе што врз база на статистиките за инвестиции е очигледно дека државата заостанува во тој домен.

Во таа насока се дава поддршка особено на оние проекти/планови/политики кои можат брзо се имплементираат и кои ги земаат предвид сите можни опции на новите технологии, користењето на слободни владини оптички инфраструктури, наметнување на обврски на операторите при изградбата на нивните мрежи и слично. При тоа потребно е поголемо ангажирање на домашни експерти имајќи предвид дека најдобро ги познаваат домашните прилики, состојби, и слично.

Димитар Буковалов информираше околу активностите на НКБК во реализацијата на усвоениот НОБП. Во таа насока, истакна дека согласно состојбите во државата во НОБП имплементиран е нордискиот модел, односно државата во белите зони да ги гради потребните оптички капацитети, по што би следело изнајмување на истите на

операторите.

Сања Фрковиќ Гелевска, од Канцеларија на ЕУ во Скопје покрај другото информираше дека државата за развој на ИКТ инфраструктура може да користи IPA фондови ( EU Integration facility).

**Заклучок:** Да се информира министерот за можностите за подготовката Студијата за изводливост за изградба на Националната транспортна оптичка мрежа, согласно НОБП

**За третата точка од дневниот ред,**

Членот на НКБК, Славица Настеска, информираше околу подготовката на DESI извештајот кој треба да се усвои до крајот на март 2022 година.

.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________